# Закон за безбедност и здравје при работа

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 255/2009 од 7 јули 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2010; У. бр. 160/2010 од 29 јуни 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 93/2011 и У. бр. 213/2011 од 2 мај 2012 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2012.

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за безбедност и здравје при работа.

### Член 1-а

Целта на овој закон е да се воведат мерки кои ќе поттикнат подобрување на безбедноста и здравјето при работа.

### Член 2

(1) Одредбите од овој закон се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси.

(2) Одредбите од овој закон не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис е регулирана оваа материја (вооружените сили, полицијата Царинската управа, во некои посебни активности на силите за заштита и спасување), во спротивно безбедноста и здравјето на вработените при работа кај овие дејности треба да се обезбедат, колку што е можно повеќе, според целите на овој закон

(3) Укинат

### Член 3

Поимите кои се користат во овој закон го имаат следново значење:

- “Вработен” е лице вработено според договор за вработување и ангажирање на која било друга правна основа, самовработен, професионална земјоделска или друга дејност и лице кое извршува работа на работно место како дел од програма за обука;

- “Работодавач” е физичко или правно лице одговорно за работата и вработените кое ги користи услугите на вработен според договор за вработување, физичко или правно лице кое ги користи услугите на вработен на некоја друга правна основа, земјоделец или физичко лице кое, самостојно или со друг член на неговото домаќинство или семејство, извршува земјоделска или друга дејност, како негова единствена или главна професија и кој не вработува други лица;

- “Претставник на вработените за безбедност и здравје при работа” е лице избрано од страна на вработените да ги застапува нивните интереси во поглед на безбедноста и здравјето при работа пред работодавачот (во натамошниот текст: претставник);

- “Превентивни мерки” се сите мерки кои се преземаат или кои се планираат на сите нивоа на работа кај работодавачот, поради спречување или намалување на ризиците по безбедноста и здравјето при работа;

- “Работно место” е секое место наменето за извршување на работа лоцирана во просторииите на работодавачот или во некоја привремена или подвижна работна локација до која вработениот има пристап во текот на неговата работа и која е под директна или индиректна контрола на работодавачот;

- “Работна средина” е простор во кој се извршува работата, работното место, условите за работа, работните процеси, социјалните односи, како и други влијанија на надворешната средина;

- “Средства за работа” се работни и помошни простории, опрема за работа, опрема за лична заштита, супстанции и препарати и секое друго средство кое се користи при работниот процес или е на друг начин поврзан со истиот;

- “Опрема за работа” е секоја машина, апарат, алат или друга опрема која се користи во работниот процес;

- “Ризик” е веројатност за настанување на повреди, заболувања или оштетување на здравјето на вработениот, како резулатат на опасност при работа;

- “Изјава за безбедност” е документ кој ги опишува карактеристиките на работниот процес и содржи идентификација на опасностите и процена на ризикот за безбедноста и здравјето на работното место и пропишува соодветни мерки за заштита;

- “Стручно лице за безбедност при работа” е вработено стручно лице кај работодавачот назначено од него за извршување стручни задачи поврзани со безбедноста при работа (во натамошниот текст: стручно лице) и

- “Овластена здравствена установа” е здравствена установа во која се врши дејноста медицина на трудот согласно со прописите од областа на здравството, ангажирана од страна на работодавачот за спроведување на здравствена заштита при работа.

Член 4

(1) Владата на Република Македонија донесува Програма за безбедност и здравје при работа (во натамошниот текст: Програмата).

(2) Со Програмата се утврдува стратегијата за развој на безбедноста и здравјето при работа во врска со заштитата на животот, здравјето и работоспособноста на вработените и спречување на повреди при работа и професионални и други болести поврзани со работењето.

## II. ОПШТИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

### Член 5

(1) Работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работата. Во рамките на неговите обврски, работодавачот мора да презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

(2) Работодавачот има обврска да воведе такви заштитни мерки и да избере такви работни и производствени методи кои ќе го подобрат нивото на безбедноста и здравјето при работа, а ќе се вклучат во сите дејности на работодавачот и на сите нивоа на организацијата.

### Член 6

(1) Обврските и работите на безбедноста и здравјето при работа утврдени во овој закон, работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува.

(2) Работодавачот е должен на овластени правни и физички лица да им ги даде сите потребни информации и податоци за големината на трговското друштво, установата и другите правни лица, ризиците кои ја загрозуваат безбедноста и здравјето на вработените, преземените активности за безбедност и здравје при работа за секое работно место и околината и друго.

(3) Овластените правни и физички лица ангажирани од страна на работодавачот се одговорни за извршувањето на договорените обврски.

(4) Ангажирањето на надлежни надворешни овластени правни или физички лица за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа не го ослободуваат работодавачот од неговите одговорности во оваа област.

(5) Обврските на вработените на полето на безбедноста и здравјето при работа не влијаат врз начелото за одговорност на работодавачот.

### Член 7

Овластените правни и физички лица кои ги ангажирал работодавачот, мора да соработуваат меѓусебно, како и со стручните лица за сите прашања сврзани со превентивната безбедност и здравјето при работа.

Член 8

Работодавачот е должен да планира мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за менување на постојните технолошки процеси со помалку опасни, односно со побезбедни процеси и да ги прилагоди мерките земајќи ги предвид променливите околности за подобрување на постојните состојби

Член 9

Работодавачот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:

- избегнување на ризици,

- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат,

- справување со ризиците на самиот почеток,

- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина и олеснување на монотоната работа и работата со претходно утврдено работно темпо

- изборот на личната заштитна опрема,

- изборот на хемиски супстанции или препарати,

- изборот на работни и производни методи,

- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето,

- прилагодување кон техничко-технолошкиот напредок,

- замена на опасното со безопасно или помалку опасно,

- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа, технологија, организација на работа, работни услови, меѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина,

- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и

- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.

Член 10

Работодавачот мора работниот процес да го прилагоди кон способностите на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, земајќи ја предвид природата на работа.

Член 11

(1) Секој работодавач мора да изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.

(2) По изјава за безбедност, работодавачот е должен да обезбеди мислење од синдикатот или преставникот на вработените таму каде што нема синдикат.

(3) Ако се променат условите или се појави нова опасност на работното место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава, работодавачот мора да направи нова изјава за безбедност.

(4) Изјавата за безбедност се заснова врз идентификација на опасноста и процена на ризиците по безбедноста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за безбедност.

(5) Изјавата за безбедност на работното место се изготвува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на друг јазик којшто е службен јазик на подрачјето на општината.

(6) Начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот, ги пропишува со правилник министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот надлежен за работите од областа на здравството.

Член 12

(1) Рабодотавачот ја организира безбедноста и здравјето при работа во зависност од технолошкиот процес, со примена на научно-стручни методи и во согласност со современите достигнувања, при што стручните работи на безбедност ќе ги врши работник со стручна подготовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес на работодавачот, или ќе користи надворешни услуги од овластени правни или физички лица.

(2) Работодавачот е должен со колективен договор да го обезбеди остварувањето на правото на вработените непосредно или преку претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина кај работодавачот, при што ќе бидат вклучени сите активности на претпријатието или установата и на сите нивоа на организацијата.

Член 13

Работодавачот е должен при планирање, набавка на работна опрема и воведување на нова технологија, да се консултира и соработува со вработените и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа. во однос на последиците и опасностите кои произлегуваат од изборот на работната опрема, заради нивното влијание по безбедноста и здравјето при работа, работните услови и работната околина. 3

Член 14

(1) Работодавачот мора да обезбеди пристапот до работните места изложени на специфична и сериозна опасност, да е дозволен само на оние вработени кои добиле посебни упатства за работа на таквите работни места.

(2) Работодавачот мора опремата за работа и средствата за работа да ги обезбеди со знаци за опасност и упатства за безбедна работа во согласност со посебен пропис.

Член 15

На локациите каде што работат два или повеќе работодавачи истовремено, тие мора да се договорат писмено за заедничките безбедносни и превентивни мерки кои треба да се преземат и да назначат стручно лице за спроведување на мерките за безбедност при работа.

Член 16

(1) Обезбедувањето на мерките за безбедност и здравје при работа не смее да претставува финансиска обврска за вработените.

(2) Нарушувањето на здравјето при работа не смее да влијае врз платата на вработените ниту да ја повреди нивната економска и општествена положба.

Член 17

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:

- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност при работа

- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа,

- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи,

- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност,

- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма;

- обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни,

- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема и

- следење на здравствената состојба на вработните.

Услови за полагање на стручен испит за безбедност при работа

Член 17-а

(1) Стручниот испит се полага заради проверка на потребното стручно знаење од областа на безбедноста при работа.

(2) Стручен испит може да полага лице кои ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

- да има живеалиште во Република Македонија,

- да има високо образование од заштита при работа, технички или друг отсек, кој одговара на дејноста на работодавачот (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),

- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и

- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област за која е поднесено барањето за полагање на стручен испит.

## II. Начин на спроведување на испитот

Член 17-б

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Вториот дел на испитот се состои од:

- практичен пример и

- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

Член 17-в

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на стручниот испит за безбедност при работа ја донесува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 17-г

(1) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот од членот 17-б од овој закон ги изготвуваат професори од соодветната област и државни службеници од Државниот инспекторат за труд кои имаат најмалку десет години работно искуство во соодветната област, определени од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува Комисија составена од:

- тројца претставници од Државниот инспекторат за труд назначени од министерот надлежен за работите од областа на трудот,

- еден претставник од Министерството за здравство назначен од министерот надлежен за работите од областа на здравството и

- еден претставник од Институтот на медицина на трудот назначен од министерот надлежен за работите од областа на здравството.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери од членот 17-б од овој закон најмалку двапати годишно.

(4) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од членот 17-б од овој закон.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базите од членот 17-б од овој закон.

(6) Професорите и лицата од ставот (1) на овој член и членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на три просечни плати исплатени во Република Македонија за претходната година објавени во Државниот завод за статистика.

Член 17-д

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Државниот инспекторат за труд, за што министерот надлежен за работите од областа на трудот определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(2) На одговорното лице од став (1) на овој член за секој одржан стручен испит му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение.

Член 17-ѓ

Стручниот испит за стручно лице за безбедност при работа се спроведува најмалку два пати годишно.

Член 17-е

(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за труд и социална политика.

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит освен доказите кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 17-а став (2) алинеи 1 и 4 од овој закон кои се обезбедуваат по службена должност.. 4

(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за полагање на стручниот испит ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

(4) Овластеното службено лице во Министерството за труд и социјална политика кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 17-а став (2) алинеи 1 и 4 од овој закон од надлежниот јавен орган.

(5) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот (4) на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(6) Овластеното службеното лице од ставот (4) на овој член е должно да одлучи во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член.

Член 17-ж

(1) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на стручниот испит, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението. 5

Член 17-з

(1) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага стручниот испит во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на стручниот испит.

Член 17-ѕ

(1) Стручниот испит се полага во просторија за полагање на стручниот испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на стручниот испит и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на стручниот испит, најмалку осум дена пред одржување на стручниот испит преку веб страната на Министерството за труд и социјална политика и Јавниот радиодифузен сервис.

(3) Полагањето на стручниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика.

(4) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагање на стручниот испит се присутни двајца претставници од Министерството за труд и социјална политика, еден претставник од Министерството за здравство, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секој одржан стручен испит им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит е должно да го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на стручниот испит за време на спроведување на стручниот испит.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на стручниот испит, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за труд и социјална политика најдоцна во рок од 15 дена од завршување на стручниот испит.

Член 17-и

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит претставник од Државниот инспекторат за труд го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот, му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите од членот 17-ѕ став (5) од овој закон во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок стручниот испит само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на стручниот испит.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути стручниот испит се прекинува за сите кандидати што го полагаат стручниот испит и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на стручниот испит.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на стручен испит за безбедност при работа во траење од три години, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(9) Овластените претставници од членот 17-ѕ став (5) од овој закон за време на полагањето на стручниот испит не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага стручниот испит, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 17-ј

(1) Ако во текот на полагањето на стручниот испит настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на стручниот испит (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на стручниот испит донесува Министерството за труд и социјална политика во рок од 60 дена од денот на поднесување на молба од кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на стручниот испит, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(4) Против решението од ставот (2) на овој член кандидатот може да поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението од ставот (2) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Во продолжувањето на стручниот испит, кандидатот не го полага оној дел од стручниот испит што претходно веќе го има полагано.

Член 17-к

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Министерот надлежен за работите од областа на трудот со Правилник го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од стручниот испит.

Член 17-л

(1) Првиот дел од стручниот испит се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандидатот да го положи првиот дел од стручниот испит.

(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од стручниот испит согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит не го положил.

Член 17-љ

(1) Вториот дел од стручниот испит се состои од практичен пример.

(2) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример се од соодветната област и имаат десет можни опции на одговори од кои една е точна, пет се слични и четири се различни.

(3) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од стручниот испит ќе се смета дека стручниот испит не го положил.

Член 17-м

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).

(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања за секоја област, како и јавно достапна база од најмалку 100 практични примери за секоја област за потребите на вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

(8) Бројот на прашања и практични примери во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал стручниот испит, веднаш по неговото завршување.

Член 17-н

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од стручниот испит, претставник на Државниот инспекторат за труд му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 17-м од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од стручниот испит, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 17-м став (5) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од стручниот испит содржат упатство за начинот на решавање на стручниот испит, за кое претставник на Државниот инспекторат за труд дава појаснување, пред да започне полагањето на стручниот испит.

(4) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од стручниот испит, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

Член 17-њ

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од стручниот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 17-ѓ од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на стручниот испит истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 17-о

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на стручниот испит изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека стручниот испит го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 17-п

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секој од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 17-р

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на стручниот испит.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 17-с

На барање на кандидатот министерот надлежен за работите од областа на трудот за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, овозможува непосреден увид во тестот.

Член 17-т

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Државниот инспекторат за труд.

(3) Министерството за труд и социјална политика формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај претставник од Државниот инспекторат за труд и претставник од Министерството за здравство, членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секој одржан стручен испит и врши ревизија на спроведување на истиот, за што доставува извештај до министерот надлежен за работите од областа на трудот.

На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение

(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испит од страна на поединци во смисла на членот 17-и од овој закон предлага одземање на уверението од членот 17-р од овој закон.

(7) Министерството за труд и социјална политика донесува решение за одземање на Уверението врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член, кандидатот може да поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението од ставот (7) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## Член 17-ќ

(1) Трошоците за полагање на стручниот испит ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот надлежен за работите од областа на трудот врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на стручниот испит се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за труд и социјална политика.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за труд и социјална политика, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на стручниот испит, на кандидатот не му се дозволува полагање на стручниот испит.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага стручниот испит, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

## Член 17-у

(1) Издадените уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа, се евидентираат во Регистарот кој го води Државниот инспекторат за труд.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата и на огласната табла на Министерството за труд и социјална политика и на веб страницата на Државниот инспекторат за труд.

(3) Формата и содржината на Регистарот и начинот на неговото водење ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 17-ф

Министерството за труд и социјална политика го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за безбедност при работа.

Член 17-х

Министерството за труд и социјална политика во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон го воспоставува Регистарот на стручни лица.

Член 18

(1) Работодавачот за вршење на работите од областа на безбедноста при работа мора да назначи едно или повеќе стручни лица.

(2) Работодавачот ќе го одреди бројот, видот и степенот на стручно образование во согласност со членот 46 став (2) од овој закон, како и:

- организацијата;

- природата и обемот на работниот процес;

- бројот на вработените вклучени во работниот процес;

- бројот на работните смени и

- бројот на одделни работни единици.

(3) При извршувањето на стручни задачи кои се однесуваат на безбедноста при работа, стручните лица за безбедност, директно одговараат пред работодавачот.

(4) Работодавачот мора да му обезбеди услови (средства) за работа, потполна самостојност на стручното лице при извршувањето на неговите задачи во согласност со овој закон, мора да му дозволи соодветно време и пристап до сите потребни информации и да му овозможи обука и стручно усовршување.

(5) Стручното лице не смее да биде ставено во незавидна ситуација или да има неоправдани последици поради неговите активности поврзани со безбедноста и спречувањето на професионалните ризици.

Член 18-а

(1) Стручното усовршување на стручни лица за безбедност при работа се врши преку учество на обуки за стручно усовршување.

(2) Стручното усовршување го организираат и спроведуваат наставно-научни установи, државни органи, правни лица од областа на безбедноста и здравјето при работа (во натамошниот текст: организатор), кои ги исполнуват следниве услови да:

- имаат најмалку две лица кои спровеле и одржале најмалку три обуки од областа на безбедноста при работа на национално и меѓународно ниво,

- имаат најмалку три години искуство во организирање на меѓународни и национални конференции од областа на безбедноста при работа,

- имаат донесено годишна програма за спроведување на обуки од областа на безбедноста при работа, која особено содржи облици на стручно усовршување, критериуми за утврдување на бодови според видот на обуките и времетраењето на обуките и

- имаат обезбедено просторија за одржување на обуките.

Член 18-б

(1) Организаторот на обуките поднесува писмено барање до Министерството за труд и социјална политика за добивање на одобрение за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица забезбедност при работа.

(2) Образецот на барањето од ставот 1 на овој член и потребната документација ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

(3) По поднесеното барање од ставот (1) на овој член Министерството за труд и социјална политика во рок од 30 дена донесува решение за одобрување или одбивање на барањето.

(4) Министерството за труд и социјална политика на предлог на Државниот инспекторат за труд, донесува решение за одземање на одобрението за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа, доколку организаторот не ги спроведува обуките согласно со програмата за спроведување на обуки од областа на безбедноста при работа од членот 18-а став (2) алинеја 3 од овој закон или доколку повеќе не ги исполнува условите предвидени во членот 18-а став (2) алинеи 1 и 4 од овој закон.

(5) Против решението на Министерството за труд и социјална политика од ставовите (3) и (4) на овој член подносителот на барањето, односно организаторот има право на жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 18-в

(1) Заради обезбедување на континуирано стручно усовршување во период од пет години стручните лица за безбедност при работа се должни да се стекнат со 100 бода преку учество во обуките за стучно усовршување.

(2) Учеството во обуките за стручно усовршување е активно, ако учесникот - стручното лице презентира сопствен труд во својство на предавач на обуката и пасивно ако учесникот - стручното лице ја следи обуката во својство на слушател.

(3) Организаторот издава потврда за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување.

(4) Начинот на бодувањето на активното и пасивното учество од ставот (2) на овој член и формата и образецот на потврдата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 18-г

(1) Организаторот е должен во рок од 15 дена по одржувањето на обуката во писмена форма да го информира Државниот инспекторат за труд за видот, времетраењето и бројот на учесници на спроведената обука.

(2) Стручното лице е должно најдоцна до 31 март во тековната година да го извести Државниот инспекторат за труд за вкупниот број на бодови кои ги стекнало од учество на обуки за стручно усовршување во претходната година.

(3) За известувањето од ставот (2) на овој член Државниот инспекторат за труд води евиденција согласно со Законот за општата управна постапка, која содржи име и презиме на стручното лице, број на уверение и стекнати бодови.

Член 19

(1) Примарни обврски на стручното лице се:

- советување на работодавачот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа,

- советување на работодавачот за опремување на работното место и работната средина,

- изготвување на стручна основа за изјавата за безбедност,

- вршење на редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина,

- вршење на редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема,

- вршење на внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата;

- изработка на упатства за безбедно извршување на работата,

- следење и анализа на повредите поврзани со работењето, професионалните болести, идентификација на причините за истите и подготовка на извештаи за работодавачот, заедно со сите предложени безбедносни мерки и

- подготовка на програма и спроведување обуки на вработените за безбедно извршување на работата.

(2) Стручното лице може да ги врши задачите наведени во ставот (1) алинеи 3, 4, 5 и 9 на овој член, доколку ги исполнува условите од членот 46 на овој закон.

Член 20

Примарни задачи на овластената здравствена установа во зависност од видот на дејноста која ја врши работодавачот, како и од видот и нивото на ризикот од повреди или нарушување на здравјето при работа се:

- вршење превентивни здравствени прегледи на вработените во согласност со посебни прописи,

- обезбедување на медицински услуги за вработените со професионални болести,

- организирање и спроведување на обука за прва помош на вработените,

- утврдување и проучување на причините за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа, предлагање на соодветни безбедносни мерки и мерки за лекување, учество во извршувањето на соодветна професионална рехабилитација и консултација за изборот на посоодветни работни задачи,

- давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување на здравјето;

- водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените во согласност со посебните прописи,

- учество во секоја процена на ризиците, безбедноста и здравјето на работното место и на работната средина и

- да ги запознава вработените со ризиците кои се поврзани со нивната работа, нивното работно место и вршење на едукација.

Член 21

Работите од членот 20 на овој закон се извршуваат од страна на здравствена установа во која се врши дејноста медицина на трудот согласно со прописите од областа на здравството, овластена од министерот надлежен за работите од областа на здравството.

Член 22

(1) Работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеца.

(2) Видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на предлог на министерот надлежен за работите од областа на трудот, по претходно мислење од министерот надлежен за работите од областа на здравството, ги уредува Владата на Република Македонија.

(3) Висината на трошоците за здравствените прегледи, која ќе се определи во ценовникот, се утврдува врз основа на видот, начинот и обемот на вршење на здравствените прегледи.

(4) Овластената здравствена установа е должна да ги врши здравствените прегледи согласно со видот, начинот, обемот и ценовникот од прописот од ставот (2) на овој член.

(5) Овластената здравствена установа е должна да ги врши здравствените прегледи согласно со стандардниот минимум кој е задолжителен за сите систематски, претходни, насочени и периодични прегледи, кој се состои од:

- анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза и социјалноепидемиолошки податоци),

- статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна висина и индекс на телесна маса),

- основни лабораториски анализи и тоа седиментација, крвна слика (еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди), урина, шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент,

- испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина),

- аудиометрија,

- спирометрија,

- ЕКГ (12) одводи и

- радиофотографија на граден кош - по одлука на лекарот.

(6) За вработените кои имаат пристап и ракуваат со службено огнено оружје, покрај стандарден минимум на систематскиот преглед од ставот (5) на овој член истиот содржи и психијатриски и психолошки преглед, а задолжително завршува со наод дали лицето е способно да ги врши работите на работното место за носење, пристап и употреба на службено огнено оружје.

(7) Во зависност од процената на ризикот на работното место и карактеристиките на дефинираните професионални штетности и опасности покрај стандардниот минимум се вршат и дополнителни прегледи од прописот од ставот (2) на овој член.

Член 23

(1) Работодавачот е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за започнување со вршење на дејноста, осум дена пред започнување со истата.

(2) Изведувачот на градежни објекти е должен пред започнување со градежните работи писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, за местото каде што ќе се изведуваат работите.

(3) Образецот за известување го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

## III. ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

### 1. Заштита од пожар, евакуација и спасување

Член 24

(1) Работодавачот е должен во секој објект земајќи го предвид технолошкиот процес, материјалите кои се користат при работа, начинот на работа, складирање на материјалите, како и големината на објектот да преземе мерки да не настане пожар, а доколку настане да се намали на најмала можна мера опасноста по безбедноста и здравјето на вработените и другите присутни лица.

(2) Во зависност од природата на процесот на работа работодавачот е должен да организира и да обезбеди евакуација, спасување и прва помош во случај на извесна ситуација која може да ја загрози нивната безбедност и здравје (елементарна непогода, пожари, експлозии, испуштање на опасни материи над дозволената граница и слично) и да ги оспособи лицата кои ќе ја спроведуваат евакуацијата и спасувањето.

(3) На лицата кои се одредени да ја спроведат евакуацијата и спасувањето, гасењето на пожар и прва помош, работодавачот мора да им ја стави на располагање потребната опрема.

(4) Работодавачот е должен да утврди план за евакуација и спасување во случај на вонредна ситуација и со него да ги запознае сите вработени и врз основа на тој план мора да се спроведат практични вежби најмалку еднаш на две години.

(5) Работодавачот е должен да организира и обезбеди давање на прва помош на вработените во случај на повреди при работа или ненадејна болест до нивно упатување на лекување во здравствена установа.

(6) На секое работно место и во работни простории во кои истовремено работат до 20 вработени најмалку по еден од нив мора да биде оспособен и одреден за давање на прва помош, за гасење пожар, евакуација и спасување, а над овој број на секои 20 вработени најмалку уште по еден.

(7) Работодавачот треба да склучи договори со други правни субјекти специјализирани за давање услуги, особено во однос на давање на прва помош, итна медицинска помош, активности за евакуација и спасување и противпожарна заштита.

## 2. Информирање на работниците

Член 25

(1) Работодавачот во најкраток можен рок мора да ги информира вработените за безбедно извршување на работата преку писмени известувања и упатства. Во исклучителни случаи, кога вработените се изложени на непосредна опасност по нивното здравје или живот, такви известувања и упатства треба да се пренесат и усно и во нив ќе се вклучат сите преземени мерки во однос на безбедноста при работа.

(2) Во случај на непосредна, сериозна и неизбежна опасност, работодавачот мора да им даде на вработените соодветни упатства за запирање на работата, брзо напуштање на работното место и евакуација на безбеден простор.

(3) Додека траат опасностите, работодавачот не смее да ги задолжува вработените да извршуваат работни обврски.

(4) Кога еден или повеќе вработени го напуштиле работното место или опасната зона, заради непосредни или неизбежни опасности по нивната безбедност при работа, тие не смеат да бидат ставени на одговорност заради нивна реакција во вакви случаи.

(5) Работодавачот треба да обезбеди сите работници при сериозна или непосредна опасност по нивната безбедност или безбедноста на други лица и во случаите кога не може да се контактира со стручното лице, да преземат соодветни мерки во рамките на своето знаење и техничките средства кои ги имаат на свое располагање, за да ги избегнат последиците од таквата опасност. Ваквото постапување не смее да ги доведе во ситуација да бидат ставени на одговорност, освен ако постапиле невнимателно и несовесно.

**Член 26**

(1) Работодавачот е должен да ги информира вработените и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат, или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа. за секој вид на ризик за сите работни места, за безбедносните мерки потребни за контрола на ризиците и елиминирање на штетните последици, како и информации за вработените со посебни одговорности за прва помош, заштита од пожари и евакуација. 6 Работодавачот мора да ги информира и вработените со договор за вработување на определено време, младите вработени, повозрасните вработени во согласност со Законот за работните односи и оние со намалена работна способност за резултатите од процената на ризиците и за мерките преземени од страна на работодавачот, заради обезбедување на нивната безбедност и здравје при работа.

(2) Работодавачот кој ги користи вработените на друг работодавач врз основа на договор, мора да им ги обезбеди сите инструкции, информации за ризиците по безбедноста и здравјето при работа, како и информации за вработените со посебни одговорности за прва помош, заштита од пожар и евакуација на вработените.

(3) Во согласност со посебните прописи, работодавачот мора да истакне на работното место и на средствата за работа, посебни предупредувања и знаци за опасност, како и упатства за безбедност и здравје при работа.

Член 27

(1) Работодавачот мора да им дозволи на вработените, претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа. да учествуваат во дискусијата за сите прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа во согласност со овој закон и други прописи кои се донесуваат за безбедноста и здравјето при работа. 7

(2) На вработените и на претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа. мора да им се презентира изјавата за безбедност, наведена во членот 3 алинеја 10 од овој закон, извештајот за безбедност при работа и спроведените мерки за безбедност и евиденција наведена во членот 37 од овој закон. 8

(3) Синдикалната организација или собирот на вработените мора да се консултира за сите мерки кои можат да влијаат врз безбедноста и здравјето при работа, за назначувањето на стручното лице или овластеното правно или физичко лице за безбедност, за именување на овластена здравствена установа, за изјавата за безбедност, планирањето и организација на обуките и за информирањето на вработените.

## 3. Претставник на работниците за безбедност и здравје при работа

Член 28

(1) Претставникот го избираат вработените од своите редови, на синдикален собир на мнозинскиот синдикат или на собир на вработени.

(2) Претставникот од ставот 1 на овој член има посебна заштита од работен однос што ја има и претставникот на синдикатот кај работодавачот, согласно со закон и колективен договор.

Член 29

(1) Бројот на претставниците од членот 28 на овој закон ќе зависи од бројот на вработените, со тоа што тој број не може да биде помал од:

- над десет вработени, се избира еден претставник;

- двајца претставници на 101 до 500 вработени и

- тројца претставници кај работодавачот кои имаат над 501 вработен.

(2) Бројот на претставниците, начинот на нивното обучување, како и начинот и формата на нивното функционирање се уредува со акт на работодавачот согласно со овој закон и колективен договор.

(3) Претставниците од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член од своите редови избираат координатор.

(4) Во секој работен простор каде што постои опасност по безбедноста и здрајвето на работниците без разлика на бројот на вработените се избира претставник.

Член 30

(1) Претставникот на вработените има право:

- да ги обиколи работните места поради согледување на состојбата во врска со безбедноста при работа најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати во годината,

- да побара од работодавачот да преземе соодветни мерки и во таа насока да поднесува предлози со цел да се намалат опасностите за вработените и/или да се отстранат изворите на опасностите;

- да ја извести инспекцијата на трудот за нејзино посредување, да присуствува, да ги даде своите согледувања и да има увид во записникот составен од страна на инспекторот,

- да побара од работодавачот информации и да има пристап до изјавите за процена за безбедноста и извештаите што се обврска на работодавачот и други документи во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа и

- задолжително писмено да бидат известени од страна на работодавачот, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа од настанот, за смртен случај, колективна несреќа и повреда при работа која предизвикува времена неспособност за работа во траење повеќе од три работни дена, како и за секоја појава која преставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

(2) Работодавачот мора на претставникот да му овозможи непречено вршење на неговата функција, преку обезбедување на соодветно време и потребни средства без намалување на платата, при што не смее да го става во неповолна состојба поради неговите активности.

Член 30-а

Правата утврдени со членот 30 став (1) од овој закон, покрај претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, ги имаат и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат.

## 4. Обука на вработените

Член 31

(1) Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбедност и здравје при работа:

- при вработување;

- во случај на преместување на ново работно место;

- во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа и

- во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедноста и здравјето при работа.

(2) Обуката за безбедност и здравје при работа мора да се прилагоди кон спецификите на работното место и мора да се изведе во согласност со програма која мора да биде ажурирана и изменета во поглед на новите облици и видови на ризици.

(3) Теоретските и практичните обуки за безбедно извршување на работата се спроведуваат во работно време кај работодавачот или на друго место.

(4) Работодавачот утврдува задолжителни редовни теоретски и практични испити за безбедно извршување на работата за сите вработени на работното место каде што е констатирана зголемена опасност од повреда и нарушување на здравјето при процена на ризикот, како и за сите оние вработени на работни места каде што е зголемен бројот на случаи на повреда при работа и загрозување на здравјето.

(5) За вработените од ставот (4) на овој член работодавачот е должен на секои три години да им обезбеди проверка на оспособеноста за безбедност и здравје при работа.

(6) Организирањето и спроведувањето на обуката на вработените и нивните претставници ќе бидат на товар на работодавачот.

(7) Инспекторот за труд по извршениот инспекциски надзор може да наложи постојната програма за обука за безбедност и здравје при работа да се прилагоди кон спецификите на работното место во однос на облиците и видовите на ризици.

(8) Во вакви случаи, инспекторот може да нареди повторување на обуката преку теоретско и практично оспособување на вработените за безбедност при работа.

Член 32

Претставникот има право на посебна обука за безбедност и здравје при работа специфични за дејноста на работодавачот.

## 5. Испитување на работното место, околината и средствата за работа

Член 33

(1) Работодавачот е должен средствата за работа да ги одржува во исправна состојба, да ја проверува исправноста и безбедноста за работа со повремени прегледи и испитувања кои ги врши на начин и во рокови пропишани со актот што тој го донесува, односно со упатството на производителот, техничките прописи и стандарди.

(2) Ако со упатството на производителот и со другите прописи од ставот (1) на овој член не се предвидени други рокови, работодавачот е должен средствата за работа од ставот (1) на овој член да ги прегледа и испита:

- пред првата употреба,

- по реконструкција или хаварија и

- по преместувањето од едно на друго место (дигалка и слично).

(3) Работодавачот не смее да стави во употреба средства за работа кои не се прегледани и испитани за безбедно работење, односно ако не се исправни за безбедна работа, ниту пак вработениот смее да употреби такви средства за работа.

Член 34

(1) Работодавачот е должен во работните и помошните простории во кои се одвиваат технолошките процеси да врши испитување на хемиските, биолошките и физичките штетности, микроклимата и осветленоста.

(2) Работодавачот е должен микроклиматските испитувања да ги врши во летниот и зимскиот период за време на работниот процес.

Член 35

Испитувањата од членот 34 на овој закон, работодавачот е должен да ги изврши најдоцна во рок од една година од денот на започнувањето со работа, односно по секоја промена на технолошкиот процес, реконструкција на објектот, реконструкција на системот на вентилација, греење и климатизација или по извршената измена на технолшката опрема.

## 6. Евиденција и извештаи

Член 36

(1) Работодавачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа за:

- секој смртен случај,

- колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена и

- секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

(2) Известувањето на работодавачот од ставот (1) на овој член покрај општите податоци содржи и краток опис на настанот и неговите последици.

Член 37

(1) Работодавачот е должен да води евиденција за:

- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа,

- извршените прегледи на средствата за работа,

- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места,

- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и

- професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член ги содржи и сите технички документи, исправи, извештаи, наоди, мислења и слично.

(3) Министерот надлежен за работите од областа на трудот со правилник го пропишува начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) на овој член.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 38

(1) Право и обврска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него и лицата кои се засегнати од неговите активности, во согласност со обуките и инструкциите кои му се дадени од страна на работодавачот, да биде запознаен со мерките за безбедност и здравје при работа и да биде обучен за нивната примена.

(2) Право и обврска на секој вработен е да дава предлози, мислења и забелешки за безбедноста и здравјето при работа на стручното лице и овластената здравствена установа.

Член 39

(1) Вработен има право да одбие извршување на работа доколку претходно не е информиран за сите можни опасности и штетности, или ако работодавачот не го обезбеди пропишаниот здравствен преглед.

(2) Вработен има право да одбие извршување на работа, доколку е изложен на непосредна опасност по здравјето или по животот, кога не се спроведени безбедносните мерки и да побара нивно отстранување.

(3) Доколку работодавачот не ја отстрани опасноста или не постапува во согласност со мислењето на овластената здравствена установа, вработениот може да побара интервенција од надлежниот инспектор за труд и да го извести претставникот.

Член 40

Вработен може да работи на работно место или во услови на изложеност на зголемена опасност од повреда или нарушување на здравјето (работа при зголемен или намален воздушен притисок, високи или ниски температури, штетни зрачења, зголемени вибрации, бучава, работа со болни од заразни болести и со заразни материјали, работа во вода и влага, тешка физичка работа, теренска работа изложена на атмосферски неприлики и други опасности, работа во услови на недоволна или пресилна осветленост, работа во простории загадени со хемиски штетности, работа под земја или под вода, работа на височина или на длабочина, работа на летачки персонал и слично) само врз основа на процена на овластена здравствена установа со која се потврдува способноста на вработениот за односната работа.

Член 41

(1) Вработените мораат да ги почитуваат пропишаните мерки за правилно користење на средствата за работа (машини, апарати, алати, опасни супстанции, опрема за транспорт и други средства за производство) и не смее да ги исклучува, менува или отстранува заштитните направи на опремата.

(2) Вработените мораат да ги почитуваат пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа и да ја користат пропишаната опрема за лична заштита и по употребата да ја вратат на соодветно место, како и да направат здравствени прегледи во согласност со овој закон и другите прописи од оваа област.

(3) Доколку вработениот не постапува во согласност со одредбите од ставот (2) на овој член, се смета дека тој го изложил на опасност сопствениот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите вработени.

Член 42

(1) Вработениот мора веднаш да го извести својот работодавач, преку претставникот, усно или во писмена форма, за секој недостаток, опасност по безбедноста и здравјето или за друг инцидент со кој може да се загрози неговата безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на другите вработени.

(2) Доколку работодавачот не презема мерки за отстранување на појавите од ставот (1) на овој член или доколку вработен смета дека не се спроведени соодветните мерки за

безбедност и здравје, вработениот може да побара интервенција од надлежниот инспекторат за труд.

(3) Вработениот мора постојано да соработува со работотодавачот и стручното лице се додека се обезбеди безбедна работна средина и работни услови кои не претставуваат ризик во рамките на неговата активност и спроведување на мерките наложени од надлежниот инспекторат за труд.

## IV.-а ЗАШТИТА НА СТУДЕНТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА ВО РУДНИЦИ ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНАТА ПРОГРАМА

### Член 42-а

(1) Право на безбедност и здравје при работа согласно одредбите од овој закон имаат студенти кога се наоѓаат на практична работа во рудниците во рамки на образовната програма.

(2) Работодавачот е должен пред започнување со практична работа во рудниците да ги запознае со мерките за здравје и безбедност при работа.

### Член 42-б

(1) Извршувањето на практичната работа во рудниците може да започне само по претходно одобрение од одговорното лице кај работодавачот за завршена обука за практична работа на студентите. Пред секое започнување на практична работа студентите ќе потпишат изјава дека се запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа.

(2) Работодавачот е должен на студентите да им обезбеди лична заштитна опрема и да ги обучи за користење на истата.

(3) За време на практичната работа работодавачот и организаторот на практичната работа назначуваат по едно одговорно лице кое ќе присуствува за време на изведувањето на практичната работа.

(4) Работодовачот во соработка со организаторот на практичната работа треба да изготват план за работните места кои се безбедни за извршување на практичната работа за студентите.

## V. СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

### Член 43

(1) Владата на Република Македонија основа Совет за безбедност и здравје при работа (во натамошниот текст: Советот), како експертско советодавно тело.

(2) Советот разгледува и дава мислење и препораки за:

- Програмата,

- состојбата во областа на безбедноста и здравјето при работа, стратегија за кохерентната политика за спречување и намалување на повредите на работното место, професионалните болести и други болести и повреди кои се поврзани со работата,

- стручните основи за изработка на закони и други прописи за безбедност и здравје при работа и

- документи на меѓународни организации во однос на безбедноста и здравјето при работа.

Член 44

(1) Советот го сочинуваат 15 члена од кои четири члена, од репрезентативните организации на работодавачите, четири члена од репрезентативните синдикати, три члена именувани од Владата на Република Македонија, еден член претставник на факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на безбедноста при работа, еден член претставник на факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на медицината на трудот, еден член претставник на здружението на стручните лица за безбедност при работа и еден член претставник на здружението на експерти на медицина на трудот.

(2) При именувањето на членовите на Советот треба да се има предвид начелото за правична и соодветна застапеност на сите заедници во Република Македонија, не нарушувајќи го пронципот на стручност и компетентност. 9

## VI. ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 45

(1) Министерството за труд и социјална политика на правно или физичко лице кое ги исполнува условите во однос на вработени, организацијата, техничките и други услови, му издава дозвола за вршење на следниве стручни работи:

- процена на ризикот,

- редовно тестирање и контрола на работната опрема,

- концепт за изјавата за безбедност,

- изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата и

- вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности микроклиматски услови во работната средина.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува висината на трошоците за извршување на стручни работи врз основа на видот, начинот, обемот и местото на извршените стручни работи.

(3) Министерството за труд и социјална политика ја одзема дозволата за работа од ставот (1) на овој член , во следниве случаи:

- по утврдување дека правното или физичкото лице не ги исполнува неопходните услови за добивање на дозволата,

- правното или физичкото лице кое добило дозвола не ги извршува задачите прецизирани во дозволата по една година од нејзиното издавање,

- дозволата била издадена врз основа на лажни податоци и

- по предлог на инспекторот на труд, доколку е утврдено дека работите не се вршат професионално и согласно со прописите од областа на безбедност и здравје при работа,

(4) Министерството за труд и социјална политика донесува решение за издавање на дозвола за вршење на стручни работи во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член барателот може да поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(7) Трошоците за спроведување на постапката од ставот (3) на овој член паѓаат на товар на правното или физичкото лице.

(8) За издадените или одземените дозволи за вршење на стручните работи од ставот (1) на овој член министерството надлежно од областа на трудот води евиденција согласно со Законот за општата управна постапка.

(9) Податоците од евиденцијата на ставот (6) од овој член се достапни на јавноста.

Член 46

(1) Министерот надлежен за работите од областа на трудот со правилник ги утврдува условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручните работи.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на трудот со правилник ја утврдува висината на трошоците за спроведување на постапката од ставот (1) на овој член.

Член 47

Подзаконските акти во врска со безбедноста и здравјето при работа ги донесува министерот надлежен за работите од областа на трудот, а подзаконските акти за одделни области министерот надлежен за работите на трудот во согласност со министерот надлежен за работите од областа на која се однесува подзаконскиот акт.

## VII. НАДЗОР

Член 48

Надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон го врши министерството надлежно за работите од областа на трудот, а инспекцискиот надзор во областа на безбедноста и здравјето при работа го врши Државниот иснпекторат за труд според овој закон и Законот за инспекцијата на трудот.

## Член 48-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот на трудот утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членовите 13, 16, 24 став (7), 25 ставови (1), (2) и (4), 26 ставови (1) и (2), 27 ставови (1) и (2), 30 став (2) и 37 од овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или правното лице каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно едно или повеќе правни лица.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или правното лице над кое се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или правното лице над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуцирано по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот за труд при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на испекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот за труд при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

(9) Државниот инспекторат за труд којшто го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

## Член 48-б

Кварталните извештаи од извршените инспекциски надзори на унифициран образец ќе се објавуваат на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд.

(2) Државниот инспекторат за труд изготвува шестмесечен извештај за утврдените повреди на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа, од страна на стручните лица овластени за вршење на стручни работи за безбедност при работа и истиот се објавува на веб страницата на Државниот инспекторат за труд.

Член 49

(1) Ако инспекторот за труд утврди повреда на закон или друг пропис за безбедност и здравје при работа, колективен договор и договор за вработување со кои се уредуваат правата и обврските од областа на безбедноста и здравјето при работа, над чија примена врши инспекциски надзор, со решение ќе нареди во определен рок да се отстранат утврдените неправилности и недостатоци.

(2) Ако инспекторот за труд врз основа на надзор кај работодавачот утврди дека постои непосредна опасност по безбедноста и здравјето при работа на вработените, со решение ќе ја забрани работата во целост или на дел од опремата за работа, на дел од погони или на целиот технолошки процес.

(3) Инспекторот за труд ќе ја забрани работата на работодавачот ако тој не постапи по решението на инспекторот за труд и во определениот рок не ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.

(4) Ако утврдената повреда на прописите за безбедност и здравје при работа претставува недостаток за чие отстранување се потребни посебни инвестициони вложувања, а животот и здравјето на вработените не се непосредно загрозени, инспекторот за труд може со решение да му нареди на работодавачот да донесе посебна програма за постапно усогласување на постојната состојба, согласно со прописите.

Член 50

(1) Инспекторот за труд е должен по добивањето на известувањето за посредување веднаш да изврши увид и со решение да нареди преземање на соодветни мерки за безбедност и здравје при работа, односно ако според наодот од надзорот утврди дека постои непосредна опасност по животот и здравјето на вработените, веднаш со решение да ја забрани работата на работното место, на опремата за работа, односно на дел од техничко-технолошкиот процес или на неговата целина.

(2) Забраните од ставовите (2) и (3) од членот 49 од овој закон ќе траат се додека не се спроведат потребните мерки за безбедност и здравје при работа, односно додека не се отстрани непосредната опасност по животот и здравјето на вработените при работа.

Член 51

(1) Против решението на инспекторот за труд може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) По жалбата против решението на инспекторот одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одложува извршувањето на решението од членот 49 став (2) и (3) од овој закон.

Член 51-а

Заради заштита на здравјето на вработените и прегледите кои треба да се извршат на вработените, Државниот здравствен и санитарен инспекторат и Државниот

инспекторат за труд вршат истовремено надзор над примената на прописот од членот 22 став (2) од овој закон.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 52

**Прекршочен орган**

(1) За прекршоците утврдени во членовите 56 и 57 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот (во натамошниот текст: прекршочен орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија) формирана од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот од кои еден ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.

(4) Прекршочната комисија е составена од три члена од кои:

- двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и

- еден член со висока стручна подготовка од областа на техничките науки, со пет години работно искуство во својата област.

(5) Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.

(6) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник.

(7) Прекршочната комисија за прекршочниот орган одлучува по прекршоците утврдени во овој или друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

(8) Покрај членовите на Прекршочната комисија, министерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на трудот, може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за комисијата и заменици членови кои по исклучок учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.

(9) Прекршочната комисија донесува деловодник за својата работа.

(10) Против решението на Прекршочната комисија, со кое се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка пред надлежниот суд. 10

Член 53

**Работа на Прекршочната комисија**

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци за одделни области и/или за одделни подрачја од Република Македонија.

(2) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:

- со истекот на времето за кое е именуван за член,

- по негово барање,

- со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон,

- укината 11

- ако му се утврди трајна неспособност,

- ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука,

- ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

- ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(3) Предлог за разрешување на член на комисија за случаите од ставот (2) алинеи 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот.

(4) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

(5) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(6) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(7) Прекршочниот орган води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот по претходно мислење на министерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на правдата.

(8) Укинат

Член 54

**Спроведување на забрзани постапки**

(1) Ако инспекторот на труд утврди прекршок од членовите 56, 57 и 58 од работодавачот ќе му понуди прекршочен платен налог на износ согласно Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Ако работодавачот го повтори прекршокот од членовите 56, 57 и 58 од овој закон, во рок од една година од денот на сторувањето на прекршокот, инспекторот на труд со решение ќе забрани работа кај работодавачот во работната просторија, односно работниот простор во траење од 30 дена и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со закон.

(3) Жалбата против решението на инспекторот на труд од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Член 54-а

(1) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни и мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот и мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот и мандатниот платен налог.

Член 55

**Посредување**

Избришан

Член 56

**Прекршоци од I категорија**

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице за дејствија од ставот (1) на овој член, ако:

- не им овозможи на вработените непосредно или преку свој претставник да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа, како и не се консултира и соработува со вработените и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа за

опасностите и последиците кои произлегуваат при изборот на работна опрема (член 13),

- заради обезбедувањето на мерките за безбедност и здравје при работа, како и нарушувањето на здравјето на вработените ги става како финансиска обврска на вработените лица (член 16),

- не склучи потребни договори со надворешни служби за одделни услуги од обласга на безбедноста и здравјето при работа (членот 24 став (7)),

- преку писмени известувања и упатства не ги информира вработените за безбедно извршување на работата (член 25 ставови (1) и (2)),

- ги стави на одговорност вработените кои го напуштиле работното место поради настаната сериозна и неизбежна опасност (член 25 став (4)),

- не ги информира вработените и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат, или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, времено вработени како и вработените на друг работодавач врз основа на договор за работа, за секој ризик на работното место, како и за безбедносните мерки за елиминирање на штетните последици (член 26 ставови (1) и (2)),

- не им дозволи на вработените и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа да учествуваат во дискусии за сите прашања кои се однесуваат за безбедноста и здравјето при работа (член 27 став (1)),

- на вработените и на нивните претставници не им ја презентира изјавата за безбедност (член 27 став (2)),

- на претставникот не му овозможи непречено вршење на неговата функција (член 30 став (2)) и

- не води евиденција за работите утврдени во членот 37 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач - физичко лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 57

**Прекршоци од II категорија**

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- не назначи едно или повеќе лица одговорни за безбедност при работа во својата работна средина (член 17 алинеја 1),

- не ангажира овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа (член 17 алинеја 2),

- не донесе безбедносни мерки против пожар според посебни прописи (член 17 алинеја 3),

- не донесе мерки за прва помош и евакуација за случај на опасност (член 17 алинеја 4),

- не го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата за труд за започнување со вршење на дејноста, осум дена пред започнувањето со истата (член 23 став (1)),

- пред започнувањето со градежните работи писмено не го извести органот на државната управа надлежен за инспекцијата на трудот за местото каде што ќе се изведуваат работите (член 23 став (2)),

- не утврди план за евакуација и спасување за вонредни ситуации (член 24 став (4)) и

- испитувањата од членот 34 на овој закон не се извршени во рок од една година од денот на започнувањето на објектот со работа, односно по секоја промена на технолошкиот процес, реконструкција на објектот, реконструкција на техничките инсталации или при измена на технолошката опрема (член (35)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач - физичко лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 57-а

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое технички го спроведува испитот од членот 17-д од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика согласно со членот 17-ѕ став (3) од овој закон.

(2) Глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лицето од член 17-д став (1) кое ќе дозволи да полага кандидат кое не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое технички го спроведува испитот од членот 17-д од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 17-и ставови (5) и (6) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит од членот 17-ѕ од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(5) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 17-ѕ став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на член 17-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 17-и ставовите (2), (3) и (4) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластениот претставник од членот 17-ѕ став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 17-и став (9) од овој закон.

(8) Глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од членот 17-т став (3) од овој закон доколку утврдат неправилности во спроведувањето на стручниот испит, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот надлежен за работите од областа на трудот.“ 14

Член 57-б

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 58

**Прекршоци од III категорија**

(1) Глоба во износ од 8.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- не изготви и не спроведе изјава за безбедност во писмена форма, или таа не е изготвена според прописот од членот 11 на овој закон (член 11 ставови (1) и (4)),

- дозволил пристап на вработени лица на работни места кои се изложени на сериозни и специфични опасности, а не добиле посебни упатства за работа (член 14),

- не обезбеди обука на вработените за безбедно извршување на работите (член 31),

- не обезбеди лична заштитна опрема за вработените како и нејзина употреба (член 17 алинеја 6),

- не изврши повремени прегледи и испитувања на работната средина и опрема (член 17 алинеја 7),

- не изврши здравствени прегледи на вработените (член 22),

- не изврши здравствени прегледи на вработените според видот, начинот, обемот и ценовникот согласно со членот 22 став (2) од овој закон.

- не организира и обезбеди давање прва помош на вработени во случај на повреда при работа (член 24 став (5)),

- на секој вработен не му обезбеди соодветна обука за безбедност и здравје при работа преку теоретска и практична обука, за случај на вработување, преместување на ново работно место, воведување на нова технологија или средства за работа како и при измена на работниот процес (член 31 став (1)),

- средствата за работа не ги одржува во исправна состојба преку повремени прегледи и испитувања во рокови утврдени со актот што тој го донесува, односно според упатствата на производителот, техничките прописи и стандарди (член 33 став (1)),

- стави во употреба опрема за работа која не е испитана за безбедно работење ( член 33 став (3) ),

- не постапи по решението на инспекторот за труд и во определен рок не ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци (член 49 став 3).

- во работните и помошните простории не изврши испитување на хемиските, биолошките, физичките штетности, микроклимата и осветленоста (член 34),

- во рок од 48 часа не го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените и претставникот за секој смртен случај, колективна несреќа и повреди при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена, како и за секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа (член 36),

- не ги запознае студентите со мерките за безбедност и здравје при работа пред започнување со практичната работа во рудниците (член 42-а став (2));

- изведува практична работа без потпишана изјава од студентите дека се запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа (член 42-б став (1)) и

`- не обезбеди лична заштитна опрема за студентите и обука за користење на истата (член 42-б став (2)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач - физичко лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Министерството за труд и социјална политика, ако:

- не ги прибави доказите во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 17-е став (4)) и

- не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето (член 17-е став (6)).

(5) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 17-е став (5)).

(6) Надлежен орган за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член е надлежниот суд.

Член 59

Мандатен платен налог од 50 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече на вработен, ако не ги почитува пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа и не ја користи пропишаната опрема за лична заштита (член 41 ставови (1) и (2)).

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 60

Работодавачите во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе мора да изготват и спроведат изјава за безбедност согласно со членот 11 став 1 од овој закон.

Член 61

Правните лица кои според членот 33 од Законот за заштитата при работа ("Службен весник на Република Македонија" број 13/98) и Правилникот за условите што треба да ги исполнуваат правните лица за добивање овластување за вршење определени работи за заштитата при работа ("Службен весник на Република Македонија" број 71/2003), добиле овластување за вршење определени работи за заштита при работа, ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на неговото влегување во сила, а до тој период продолжуваат да ги вршат работите според добиените овластувања.

Член 62

Подзаконските прописи од членовите 11 став (4), 22, 23 став (2), 37 став (3), 53 став (7) и 46 на овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 63

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита при работа ("Службен весник на Република Македонија" број 13/1998, 33/2000 и 29/2002).

Член 64

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".